**20241472566**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јули 2024 година.

Бр. 08-3488/1
11 јули 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), во член 13 во ставот 3 по зборовите: „претставници од“ се додаваат зборовите: „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,“ а зборовите: „Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам,“.

Член 2

Во член 14 став 1 во воведната реченица зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 3

Во член 15-в во став 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 4

Во член 15-г во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 5

Во член 15-ж во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

во ставот 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 6

Во член 55 во ставот 1 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 7

Во член 56 во ставот 2 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 3 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот 4 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 8

Во членот 57 зборот „економија“ се заменува со зборовите: „енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 9

Подзаконските акти донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон согласно со Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23), ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.